**С Т О П А Н С К А   Б А Н К А  АД - С К О П Ј Е**

**ПРЕДЛОГ**

# О Д Л У К А

за потврдување на Листата на нето должниците на Стопанска банка АД - Скопје во 2011 година утврдена од Надзорниот одбор на Стопанска банка АД - Скопје

Скопје, Мај 2012 година

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД - Скопје (С.О. бр. 221/20.12.2011, пречистен текст), а во врска со член 86 од Законот за банки ("Сл. весник на РМ" бр. 67/2007 година), Собранието на акционери на Стопанска банка АД - Скопје, на седницата одржана на _______ 2012 година, донесе

# О Д Л У К А

за потврдување на Листата на нето должниците на Стопанска банка АД - Скопје во 2011 година утврдена од Надзорниот одбор на Стопанска банка АД - Скопје

**Член 1**

Собранието на Стопанска банка АД - Скопје ја потврдува Листата на нето должниците на Стопанска банка АД - Скопје во 2011 година утврдена од Надзорниот одбор на Стопанска банка АД - Скопје (Н.О. бр. 2151/27.04.2012 година).

**Член 2**

Составен дел на оваа одлука е Листата на нето должниците на Стопанска банка АД - Скопје во 2011 година од член 1 на оваа одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

С.О. бр. __________
________2012 година
Скопје

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

Претседавач,

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Согласно Законот за банки, Надзорниот одбор на Стопанска банка АД - Скопје (СБ) донесе Одлука за утврдување на Листата на нето должниците на СБ во 2011 година. Согласно член 26 од Статутот на СБ, и член 86 од Закон за банки, Листата на нето должниците ја потврдува Собранието на СБ.

Процедурата за донесување на оваа одлука е во рамките на спроведувањето на членот 88 од Законот за банки, според кој членови на Надзорниот одбор не може да се именуваат од редот на акционерите кои се нето должници на СБ.

Листата на нето должниците, што претставува составен дел на предложената одлука, е утврдена согласно Одлуката за методологијата за утврдување на нето должниците на банките ("Сл. весник на РМ" бр. 134/2007) и Одлуката за измена на Одлуката за методологијата за утврдување на нето должниците на банките („Сл. Весник на РМ" бр. 1/2012).

Поради изнесеното, се предлага Собранието на акционерите на СБ да ја донесе предложената одлука.

Скопје, април 2012 година